# ТАВОР

Списание на Кумановско-осоговската епархија
**Година I • Број 1**
**2013**





*Не бојте се! Еве, ви соопштувам голема радост, која ќе биде за сите луѓе; зашто денеска ви се роди во градот Давидов Спасител, Кој е Христос Господ; и еве ви знак: ќе најдете повиен Младенец, како лежи во јасли.*
Лк. 2, 10-12

Тавор • Тромесечник на Кумановско-осоговската Епархија на Македонската Православна Црква - Охридска Архиепископија
Главен уредник: Митрополит Кумановско-осоговски Г. д-р Јосиф
Редакција: Милан Јаковчевски, Радмила Серафимоска
Печати: „Нипонграфик“, Охрид

# ТАВОР

Ноември 2013 • Година I • Број 1

| | | |
|---|---|---|
| | 1 | Избран првоерархот на Кумановско-осоговската епархија |
| **Рождество по плот на нашиот Господ и Спасител Исус Христос** | 5 | Постот пред празникот на Рождеството Христово<br>*Григориј С. Дебољски* |
| | 7 | Зошто дојде Синот Божји?<br>*Свети Јован Златоуст* |
| | 9 | Совршен Бог и совршен човек<br>*Христо Јанарас* |
| **Окултизам и спиритуализам** | 12 | Против одењето по бајачи<br>*Свети Јован Златоуст* |
| | 16 | „Исцеленија“<br>*Епископ Александар Милеант* |
| | 18 | Астрологијата е астролатрија<br>*Протопрезвитер Александар Карлуцос* |
| **Живот** | 21 | Додека има време<br>*Презвитер Димитриј Шишкин* |
| **Вера и наука** | 25 | Светена вода и псевдонаука: Чуму ни се експерименти со светињата?<br>*Владимир Гурболиков* |

# Избран првоерархот на Кумановско-осоговската епархија

Митрополит Кумановско-осоговски г. д-р Јосиф
*Слово изговорено на интронизацијата, во храмот Свети Никола - Куманово, на 10. Ноември 2013 г.*

Ваше Блаженство,
возљубени браќа архиереи,
сечесни отци,
браќа и сестри во Господа!

Пред сѐ, Му благодарам на Бога, што, еве, по Негова промисла и со благоволение на браќата архиереи, членови на Светиот Архиерејски Синод на Македонската Православна Црква, јас недостојниот - избран за митрополит Кумановско-осоговски, ја доживувам денешнава радост. И нека ми биде исповед: со страв и трепет, седнувам на овој свештен трон, а примајќи го овој пастирски жезол, јас знам дека не примам власт, туку добивам обврска за служење.

Затоа, трепери мојава душа исправена пред товарот што треба да го носам и, како некогаш царот Давид, прашувам: *кој сум јас, Господи, што толку ме воздигна*?[1].

Обврската што во овој миг ја примам ги надминува моите сили; таа е подвиг што ниеден човек не може да го носи сам, или само со поддршка на малкумина.

И свесен сум дека денес, семилостивиот Бог и членовите на Светиот Архиерејски Синод на Македонската Православна Црква, ми товарат тежок крст, крст за чие што носење треба целосно самоодрекување и потполна посветеност на Црквата.

Но, спокоен сум и мојот поглед кон иднината е сигурен и извесен, зашто во подвигот на архиерејското служење, покрај помошта и милоста Божја, како најголема помош ќе ми биде молитвеното заедништво и соборното делување, во кое учествува целиот епископат, целата полнота на Црквата со сите разнообразни дарови на нејзините членови. Впрочем, и целиот живот и сета дејност на епископот им припаѓаат на Бога и на Црквата!

[1] Лет. 17, 16



Затоа, иако ја знам својата недостојност, прифатив да се искачам на Горното место, место кое е предвидено за првоерархот на Кумановско-осоговската епархија, и смирено им се предавам на молитвеното застапништво на Пресвета Богородица, на светиот Николај Мирликијски, на светите Климент и Наум Охридските чудотворци, на светите Прохор Пчињски и Јоаким Осоговски и на сите светии пред престолот Божји. Нивното застапништво ми е утеха за зборовите на пророкот – *проклет да е секој кој немарно го извршува делото на Господа*[2], и знам, како вели апостолот, дека *секому му се дава во него да се пројави Духот за полза*[3].

Со такво разбирање и свесност, ја просам Божјата благодат која што ги исцелува човечките немоќи и ги дополнува недостатоците, зашто знам дека силата Божја во немоќта се пројавува. Службата пак што денес ја примам, најконкретно ја сведочи тајната на Црквата и на архиерејската служба, која целосно се открива во светата Евхаристија.

Крвта и Телото Христови, со кои денес се причестивме во светата Литургија, уште еднаш ја потврдуваат нашата заедница во Христа, бидејќи само во литургијата, како народ Божји собран околу својот епископ, стануваме Црква. Црква во која дише Светиот Дух и плови кон вечноста.

Меѓутоа, иако патуваме кон вечноста, ние остануваме длабоко вклучени во сите текови на земниот живот. Таквата духовна состојба, кога живееме на земјата, а престојуваме на небото, кога земјата е наша татковина, а на неа сме странци, постојано нè држи будни и свесни дека овој живот не е нашата крајна цел, и не може да биде мерило на вредности. Затоа мојата мисија ќе биде проповедање на црковните

[2] Ерем. 48, 10
[3] 1 Кор. 12, 7





духовно-морални идеали и нивна примена во современиот живот, како и постојано сведочење за вистината и убавината на православието и негово вклучување во секојдневниот личен, семеен и општествен живот на секој човек.

Ќе настојувам да ги соединиме православната вера и евангелскиот морал со секојдневните мисли, очекувања и надежи, за да можеме да најдеме одговор на најсложените егзистенцијални, идејни и морални прашања на денешницата, која што нè обременува со постојани грижи, радости и жалости.

Само така нашата вера може да биде разбирлива и потребна, само тогаш секој човек ќе може да ја почувствува благодатта Божја, која ќе стане очигледна и посилна од секој збор.

Денес, возљубен народе, од ова место, кое што е центар на Кумановско-осоговската епархија, сакам да ве повикам на отворен и конструктивен дијалог, во кој што и ќе слушаме, но и ќе бидеме слушнати.

Само таквиот дијалог може да ги исфрли на површина мислите и убедувањата на секој поединец. Само преку тој дијалог, Црквата ќе се збогати со сознанија за тоа каков е современиот човек и кои се неговите потреби од Црквата. Само во тој дијалог ќе можат да се усогласат различните убедувања и ставови меѓу различните генерации, што ќе придонесе за добробит на Црквата.

Затоа, наша грижа ќе бидат душите на сите во доверената епархија, но особено ќе ѝ се посветам на младината, на која најмногу ѝ треба духовно раководење и вклучување во сите пори на црковниот живот. Во време на морална декаденција, различните пропаганди за безусловна „слобода“ во однесувањето, ги уништуваат душите на многумина, и ние не смееме да чекаме младината сама да се обрати и да Го најде Христа. Должни сме да им помогнеме *изгубените да се најдат, истераните да се вратат, како вели пророкот*[4], да ги упатиме да ја најдат вистинската вера во Бога, и да ја откријат смислата на животот, за таа цел ќе ги употребиме сите сретства кои ни ги нуди денешниот техничко-технолошки развој. Зашто ако сме повикани да



[4] Ез. 34, 16

стоиме на браникот на верата и духовноста, тогаш мораме да знаеме дека нашето оружје е нашата мисла, нашиот збор, нашите постапки и нашите дела. Млак човек не може да стои на браникот на идеалите, необразован човек никогаш, а особено во денешниот свет, не може да влијае на размислувањата на луѓето, човек што не поседува лично духовно искуство, не може ништо да им пренесе на другите.

За остварување на нашата мисија, особена духовна и морална помош и поддршка, очекувам од секоја христољубива душа во Кумановско-осоговската епархија. Зашто само во молитвена заедница и соборно делување, според силите од Бога дадени, секоја личност ќе може во сета нејзина неповторливост да си го пронајде своето место во организмот на Црквата.

Затоа денес смирено ги просам вашите молитви, та да се удостојам до крај достојно да го завршам подвигот, правилно раководејќи со словото на вистината, вистината, што ни е предадена од Христа Господа, преку светите Апостоли и Отците на Црквата, вистина којашто сме должни неизменета да им ја предадеме на тие што доаѓаат по нас. Тоа бара многу работа и голем труд.

За мојата досегашна и идна работа којашто ме очекува на нивата Господова, сакам особено да Ви се заблагодарам Вам, Ваше Блаженство, за довербата и поддршката.

Вашите совети, секогаш ќе бидат моја потпора и поткрепа во пастирската работа. Од денес во мене ќе имате искрен соработник, но ќе имате и уште една обврска повеќе.

Исто така Ви благодарам и вам браќа архиереи, кои што дојдовте молитвено да ја споделите со нас оваа духовна радост.

Особена благодарност искажувам и до свештенството на оваа Епархија, кое покажа духовна зрелост и одговорност по упразнувањето на епархијата. Ним сакам да им порачам, секогаш да се усовршувате и утешувате, да бидете единомислени и да живеете во мир – и Бог на љубовта и мирот, секогаш ќе биде со вас[5].

Но, денес, исто така, совеста ми налага да се сетам и на блаженоупокоениот митрополит Кирил, за неговата пастирска грижа и советите за мудро управување со паствата Христова. Упатствата што ми ги даваше ќе ми бидат од голема полза во архиерејската служба и епархиската должност.

Ја користам оваа прилика да ви се заблагодарам вам, браќа и сестри во Господа, од Кумановско-осоговска епархија, вам, верните чеда од нашата Света Црква, коишто не жалевте труд и време да дојдете денес во Куманово, како и на сите коишто сакавте но не можевте да дојдете, кон сите вам, упатувам зборови со искрена благодарност и архипастирски благослов: Благодатта на Господа Исуса Христа, и љубовта на Бога и Отецот, и заедницата со Светиот Дух, да бидат со сите вас.

А, најголемата благодарност, секогаш Му припаѓа на Бога, за сите доброчинства направени за нас, зашто не се откажува да направи сé за нас, додека на небото не нé возведе, и царството идно не ни го подари.

Амин!

*10 Ноември 2013 г. (Св. мч-чка Параскева – Петка Икониска)*

---

[5] 2 Кор. 13,11

# ПОСТОТ ПРЕД ПРАЗНИКОТ НА РОЖДЕСТВОТО ХРИСТОВО

Григориј С. Дебољски

Последниот повеќедневен пост (во годината, заб. на прев.) на Православната Црква е постот пред празникот на Рождеството Христово, од 28-ми ноември до 7-ми јануари (15-ти ноември до 25-ти декември, ст. ст.). Според црковниот устав овој пост се нарекува, како и Великиот пост - Четириесетница, затоа што трае четириесет дена. Се нарекува уште и Филипов, по денот на св. ап. Филип кој се празнува ден пред почетокот на постот. Божикниот пост е зимски пост, и ни служи за преку него да го осветиме завршниот период на годината преку таинско обновување на духовното единство со Бога, како и да се подготвиме за Рождеството Христово.

Востановувањето на Божикниот пост, слично како и преостанатите повеќедневни пости, датира уште од древните христијански времиња. Уште од 4 век наоѓаме јасни укажувања на Божикниот пост. Во тој век за него говорат св. Амвросиј Милански, Филастриј и блажен Августин. Во петтиот век, сведочејќи за Божикниот пост како за веќе древен во тоа време, Лав Велики вели: „Самата пракса на воздржување е запечатена со четирите времиња, за преку годината да познаеме дека ни е потребно постојано очистување, и дека во животот секогаш мораме да се грижиме и трудиме околу искоренувањето на гревот преку пост и милостиња, оти, преку нечистотијата на нашите потреби, се намножува и гревот. Според зборовите на Лав Велики, Божикниот пост е нашата жртва пред Бога за собраните плодови. „Како што Господ ни обезбеди плодови на земјата, вели Светителот, така и ние сме должни, во текот на овој пост, да снисходиме кон сиромашните“. Според зборовите на св. Симеон Солунски, „постот во божикната четириесетница го изобразува мојсеевиот пост, оти овој, постејќи четириесет дни и четириесет ноќи, на камени плочи ги прими напишаните Божји зборови. А ние, постејќи четириесет дни, Го созерцуваме и примаме животот Слово од Дева, запишано не на камен, туку воплотено и родено, и се присоединуваме со неговото божествено тело.

Во првите векови Божикниот пост немал исто времетраење кај сите христијани. Некои постеле седум дена, некои и повеќе. За да се спроведе

еднообразност меѓу христијаните, на Соборот одржан во времето на патријархот Лука и императорот Мануил во 1166-та година, наложено е сите христијани да го држат постот пред Рождеството Христово цели четириесет дена. Валсамон, патријархот Антиохиски, толкувајќи ги одлуките на соборите на кои е назначно дека постот пред празникот на Рождеството Христово трае четириесет дена, вели: „Бидејќи некои се сомневаа зошто никаде не е назначен бројот на денови на Богородичниот и Божикниот пост, самиот свјатејши патријарх кажа дека, бидејќи за бројот на денови не е укажано преку правило, должни сме да го следиме непишаното црковно предание и да постиме од првиот ден во август и од петнаесеттиот ден во ноември (четиринаесеттиот ден и дваесетиосмиот ден, нов стил, заб. на прев.).

Богослужението за време на Божикната Четириесетница во некои места се состоело, како и за време на Великиот пост, во служење на часовите и читање на молитвата на св. Ефрем Сириски, и во поклони во некои дни до 20 декември (2 јануари, нов ст.).

Правилата за воздржување пропишани од Црквата за време на Божикниот пост, по својата строгост се истоветни со Апостолскиот пост. Во понеделник, среда и петок за време на постот, со Уставот е забрането јадење риба, вино и масло, а се дозволува сувојадение, по вечерната; во останатите денови единствено се забранува риба, која пак е дозволена во саботите, неделите и големите празници, на пр. празникот Воведение во храмот на Пресвета Богородица, потоа на храмовните слави и во деновите на великите светии, како: 16, 25 и 30 ноември, 4, 5, 6, 9, 17 и 20 декември (ст. ст., заб. на прев.), под услов овие денови да се паднат во вторник или четврток. Доколку се паднат да бидат во понеделник, среда или петок, се разрешува само на вино и масло. Од 20-ти до 25-ти декември (ст.ст., заб на прев.), односно од денот на предпразненство на Рождество Христово, дури и во саботите и неделите не се разрешува на риба.

Последниот ден од Божикниот пост обично се нарекува Бадник, односно сочивник, од сочивото кое Уставот пропишува да се служи на трпезата тој ден. Сочивото (siccus, евр.: кали, калуј) е исто што и коливо, т.е. сиромашна храна (Рут 2,14; I Цар. 17,17). Буквално кажано, сочиво значи суво јадење, храна од сушени зрна пченица, грав, леќа, јачмен; се јаде потопено во вода, или со мед, или просто, без ништо; се нарекува уште и кутија. Јадењето сочиво во навечерието на Рождество Христово најверојатно потекнува од подражавањето на постот на Даниил и тројцата отроци за кои си спомнуваме пред Христовото Рождество, а кои се транеле со земно семе, за да не се обесчестат со безбожничката трпеза (Дан. 1,12), - и согласно со зборовите од Евангелието кои ги читаме во навечерието на празникот: *„Царството небесно прилега на зрно синапово, кое човек го зема и посеа на нивата своја“* (Мт. 13, 31-36).

Православните христијани го сочуваа побожниот обичај да не јадат ништо до појавувањето на ѕвездата на Исток која благовестела за раѓањето на Исуса Христа - заповедувајќи ни и нам дека Божикниот пост треба да го држиме до самиот празник на Рождеството Христово. Според мислењето на некои, Бадник на почетокот бил востановен поради крштевањето на огласените, како и самата подготовка на верните за празникот. ▪



# ЗОШТО ДОЈДЕ **СИНОТ БОЖЈИ?**

Свети Јован Златоуст

Ние бевме мачени од лута болест, од силна треска, и лежевме не на постела, туку среде злото, потопени во безверие како во ѓубре, прекриени со рани, смрдливи, грозни, истоштени; повеќе (личевме на) статуи, отколку на луѓе; зли демони нè опкружуваа, кнезот на овој свет нè исмеваше и нè напаѓаше. Ни дојде Еднородниот Син Божји, ги распростри зраците на Своето присуство - и веднаш ја изгони темнината; ни дојде Царот, вечно важниот на престолот на Отецот, слезе од престолот на Отецот (а кога велам: слезе, не помислувај на промена на место, зашто Тој небото и земјата ги исполнува - ова го велам само во однос на домостројот, промислата Божја); му дојде на непријателот, кој Го мрази, бега од Него, не може да Го види, секојдневно хули на Него.

Виде дека непријателот лежи во ѓубре, разјаден од црви, окован од грозница и глад, потчинет на секакви болести. И грозница го мачеше - тоа е похотата зла; и од воспаление страдаше - тоа е гордоста; и таканаречената кучешка глад го тиштеше - тоа е страста за стекнување; и гнилежни рани го покираа - тоа е блудот; и слепило на очите - тоа е идолопоклонството; и глувост и лудило - тоа е обоготворувањето на камења и дрва, и зборувањето со нив; и голема грозотија - тоа е безверието, т.е. нешто многу одвратно, најтешка болест. Виде дека ние зборуваме полудо од оние што се бесни, и дека дрвјата и камењата ги нарекуваме богови; нè виде во такво безверие, - и не се згади од нас, ниту се огорчи, ниту се одврати, не нè намрази. Оти Тој е Создател, затоа и не го намрази Своето создание.

Туку, што да прави? Како најдобар лекар, Тој приготвува скапоцени лекарства и прв Самиот Тој ги пробува: Тој прв ја исполни добродетелта, и на тој начин и нам ни предаде. И за прво лекарство, како некој противотров, ни го даде

Крштението, со кое се ослободивме од секое зло - и наеднаш сѐ помина: воспалението заврши, треската прекина, трулежните рани се исушија. Сѐ што се раѓа од желбата за стекнување, и од гневот, и од секое друго зло е истребено од Духот; очите се отворија, слухот се отвори, јазикот почна да зборува добро, душата доби сила, телото прими убавина и таква боја, каква што и Му приличи на Синот Божји, роден од благодатта на Духот - таква слава, каква што и приличи на царевиот син, роден и израснат во порфира.



О, какво благородништво ни е дарено нам, а ние остануваме неблагодарни кон својот Возљубител! Ние (повторно) сме родени, воспитани, обдарени - зошто повторно се оддалечуваме од Добро-творот? Оној Кој го направи сето ова, секако, дава и моќ; инаку ние, потчинети на болеста, не би можеле да ја поднесеме, кога Тој не би ни дал и моќ. Тој ни даруваше и простување на гревовите, а ние го отфрливме тој дар; Тој ни даруваше и богатство, а ние го потрошивме, сѐ раскрчмивме; ни даруваше и сила, а ние ја истоштивме; ни даруваше благодат, а ние ја згаснавме. На кој начин? Ја расеавме на сенешто непотребно, ја употребивме за сосем некорисни нешта. Токму тоа и нѐ упропасти, а најмногу од сѐ тоа што, наоѓајќи се во туѓа земја, и хранејќи се со корења не велиме: „да отидеме при татка си и да му речеме: »Оче, згрешивме против небото и пред Тебе«" (Лк. 15,18), иако имаме Отец Кој толку нежно нѐ љуби, и силно го посакува нашето враќање.

Само кога би престанале со безверието, само кога би Му се вратиле Нему - Тој не би нѐ прекорувал за минатите гревови. Да се вратиме само; враќањето е веќе доволно за да бидеме оправдани. Но, што велам јас: не би нѐ прекорувал? Не само што нема да нѐ прекори, туку ако и други нѐ прекорат, Тој би им ја затворил устата, па макар и нивната намера да била и добронамерна. Да се вратиме, значи. До кога ќе стоиме далеку од Него? Да го осетиме своето безверие, да ја осетиме својата бедност: безверието прави свињи од нас, безверието ја гони душата со глад. Да влеземе во себе повторно. Да се вразумиме, и да се вратиме кон претходното благородништво. ▪

# СОВРШЕН БОГ И СОВРШЕН ЧОВЕК

Христо Јанарас

Восхитува внимателноста на Црквата во настојувањето со што е можно попрецизни зборови да ги определи границите на Настанот што се одиграл во Христовата Личност. Притоа Црквата не тежнее со зборови да го исцрпи, или со помош на конвенционалната логика да го потврди единството на Бога со човекот, туку формулацијата на таа вистина да ја сочува од секакво погрешно толкување кое би ја изменило можноста за учество на човекот во претворањето на смртното и распадливото во нераспадливо, кое е извршено преку воплотувањето на Логосот.

Говориме, значи, за воплотувањето на Бога во Личноста Христова, односно за вочовечувањето на Бога. „Говориме за Бога, Кој постана човек, а не за човекот обожен.“ Кога зборуваме за Христос, не зборуваме за човекот со Кого се соединило Божеството, затоа што не претходно не постоела човечка ипостас на која ѝ бил додаден Бог Логосот, туку Божествениот Логос, Самиот за Себе прифатил плот „од чистата крв на Дева“ бивајќи и Самиот Ипостас, се воплотил преку тоа парадоксално зачнување. Логосот ја прифатил човечката природа соодветно на тоа дека природата се јавува како егзистенцијален факт: исходна точка станала утробата на жената, кадешто се зачнала и се развивала жива плот, пројава на ипостасот – личноста.

Станува збор за воплотувањето на Синот и Логосот Божји, втората Личност на Светата Троица. Ова не значи дека Логосот се автономизира од другите Личности, и дека само Тој го остварува прифаќањето на човечката природа. Напротив, Црквата во вочовечувањето на Логосот гледа резултат од општото дејство на Личностите на Света Троица. Не треба да се мисли дека Отецот и Духот се воплотиле заедно со Синот. Разликата на Ипостасите останува; од нив, само Логосот се облекол во плот. Но волјата и енергијата на Троица не се разделиле после воплотувањето; единството на Бога, внатрешниот божествен живот не се нарушил. Таа единствена целовитост на животот, волјата и енергијата на божјата природа ја совозглавува Христос во Својата Богочовечка ипостас, оти во Него пребива сета „полнота на Божеството телесно“ (Кол. 2, 9).

И така, следувајќи им на Светите Отци, сите согласно поучуваме да Го исповедаме едниот и ист Син, Господ наш Исус Христос, Него истиот совршен по природа Божја и Него истиот совршен по природа човечка, и Него истиот вистински Бог и вистински човек, од разумна душа и тело, единосуштен на Отецот по природа Божја, и Него истиот единосуштен нам по природа човечка, во сѐ нам подобен освен во гревот, роден од вечноста од Бога по природа Божја, и Него истиот во последните дни заради нас и заради нашето спасение од Дева Марија Богородица по природа човечка.

[извадок од Халкидонскиот орос]



Значи, ние во Христа исповедаме совршен Бог, но и совршен човек. Сецелата Божја природа се соединила со сецелата човечка природа во Неговата Личност; сè било прифатено од страна на Христос, без исклучок на својствата и енергиите на сеопштата човечка природа. Иницијативата на ваквото соединување, исходи од Примателот кој делува поединечно по испостас, а троично по пројава на волјата и благоволението. Сепак, применатa човечка природа не била пасивна. Воплотувајќи се, Бог не ја присилил нашата природа, не ја искористил како неутрален материјал за остварување на Својата волја. Човечката природа се согласила да послужи за Божјото вочовечување, како резултат на слободниот личен избор. Таа сецелосно се предала себеси на Бога, во неповторливата личност на одреден човек (затоа што природата може да постои само во личносна ипостас). Станува збор за Дева Марија, која слободно избрала да биде послушна на волјата Божја. Нејзината согласност ја овозможила средбата на човековата волја со Божествената во чинот на воплотувањето на Словото: „Еве ја слугинката Господова; нека ми биде според зборовите твои!“ (Лк. 1,38).

Во овие зборови се изразени себепринесувањето и самозаборавот, прифаќањето на Божествената волја и апсолутната доверба во Неговата љубов. Никаква себичност, никаков стремеж за лична добивка. Марија се согласила да зачне и да Го роди Христа само од послушание кон Бога; таа се предала за исполнување на Божествената волја. Затоа, Христовото зачнување не се должи на никаква природна неопходност; никаков копнеж, егоистичен стремеж кон насладувања или инстинкт за продолжување на родот. Од автономниот биолошки процес, мајчинството се претворило во собитие на личносен поредок, поврзан со доброволната согласност, доброволното послушание на Бога и надевање на промислата Божја. Токму поради слободата во однос на природната неопходност од Пресвета Богородица, таа останува Дева и после Исусовото раѓање.

Соединувањето на Бога со човекот, воплотувањето на Логосот претставува, со јазикот на Црквата, „натприроден“ настан. Пред сè, тоа значи дека двете страни – Бог и човекот – дејствувале подеднакво слободно, без да зависат од каква било „природна“ предодреденост. Во ликот на Пресветата Богородица биле укинати границите на природата, а заедно со нив принципите и условите, создаденото кое го определува животот во неговата одделеност од несоздаденото. Но и Нетварниот отелотворувајќи се во утробата на Дева, ги пречекорува границите на Неговиот начин на суштествување и почнува да суштествува како создаденото: безвременото влегува во течението на времето, бесконечното станува конечно, вечното станува Младенец, бестелесното добива ограничена телесна индивидуалност. За нас, луѓето, „натприродноста“ означува ослободување од тварната ограниченост и од власта на потребата на којашто се потчинило нашето тело после гревопадот. За Божеството „натприродноста“ претставува слобода, која проистекува од трансцедентноста во однос на секоја предодреденост.

За Бога „натприродното“ дејство означува дека Он „снисходи до нашата природа, т.е. дека Он се снизува до најниската природа, која Он претходно ја немал“. Токму во ова двојно надминување на природата, само Црквата го гледа апсолутниот егзистенцијален факт, а тоа е – Личноста на Бога и Неговиот образ, запечатени во личносното постоење на човекот. ▪

# ПРОТИВ ОДЕЊЕТО ПО БАЈАЧИ

Свети Јован Златоуст

*Големиот отец и учител на Црквата, св. Јован Златоуст, говорел многу против бајачите и гатачите, предупредувајќи ги луѓето никако да не се лечат кај нив. Неговите зборови важат и денес; можеби повеќе отколку било кога претходно.*

*Во своите беседи „Против Јудеите“, во кои ги одвраќал христијаните од Антиохија да не одат во синагогите и да не се молат со Јудеите. Овој велик отец на Црквата изговорил и поука за оние кои се лечеле кај еврејските бајачи (како што денес многу Македонци одат по амајлии и талисмани кај разно-разни видовити бајачи и оџи). Луѓето за кои била наменета оваа беседа се правдале велејќи дека се болни, и дека поради тоа одат кај „чудотворците“. Св. Јован им одговарал дека на болеста треба да се гледа како на божја посета за исправување на гревовите, и тврдел дека за таквите постапки нема никакво оправдување.*

*Во продолжение пренесуваме дел од неговата беседа која се однесува на лечењето кај бајачи.*

Честопати се случува слугите од своите господари, а синовите од своите татковци, да трпат (казни) дури и тогаш кога овие неправедно ги казнуваат; зар ти не сакаш да претрпиш казна од Бога Кој е над секој (господар), и Кој те љуби повеќе од било кој татко, Кој сè презема и прави не заради гнев, туку поради твојата корист? Напротив, штом те спопадне било каква лесна болест, веднаш бегаш од Неговото Господство, и брзаш кон демоните, иташ по синагогите?! Можеш ли на крај да добиеш прошка? Како ќе бидеш кадарен повторно да повикаш кон Него? Може ли било кој друг, па макар ја имал и смелоста Мојсеева, да измоли нешто за тебе? Никој. Зар не насетуваш што вели Бог на Јеремија за Јудеите: „Не се моли за тој народ, оти, и Мојсеј и Самуил да застанат пред Мене, нема да ги услишам“ (Јер. 7, 16, 15, 1).

Значи, постојат гревови кои се над секое простување, и не можат да бидат простени. При тоа Евреите, иако привидно, со своето баење ја прекинуваат треската (во телото), всушност, тие не го прават тоа, туку во совеста воведуваат една друга, уште пострашна треска, поради која секојдневно

ќе биваш рануван од сопствената помисла, а совеста ќе те мачи, велејќи ти: „Постапи безбожно, изврши беззаконие, го наруши заветот со Христа, заради мала нелагодност ја изневери побожноста“.

Зарем ти единствено си болен? Зарем не трпат и другите, и тоа повеќе од тебе? Па сепак, никој не се осуди да го стори она што ти го стори; а ти, слабак, размазен, ја изгуби својата душа. Како ќе Му одговориш на Христа? Како ќе Го повикаш во молитвата? Со каква совест ќе влезеш в црква? Со какви очи ќе го погледнеш свештеникот? Како ќе се осудиш да пријдеш до Светата Трпеза? Со какви уши ќе го слушаш Светото Писмо коешто се чита таму?

Еве што секојдневно ќе ти говори мачната мисла и совеста која пече. Какво е твоето здравје, кога во себе имаш толку тужители? Но, ако малку потрпиш, ако ги отфрлиш и со голем срам од својата куќа ги исфрлиш сите оние кои сакаа да те наговорат на било какво баење, или сакаа на твоето тело да стават некаква амајлија, совеста веднаш ќе ти се ороси со спокојство. Нека те гори треската колку што сака: душата ќе ти подари свежина подобра и поспасоносна од секоја роса, од секоја влага. На ист начин на којшто, доколку примиш некој бајачки лек, ќе се чувствуваш полошо од оние што боледуваат од треска, и тоа токму поради помислата на гревот (кој го стори одејќи по бајачи, заб. на прев.), на истиот тој начин сега, отфрлувајќи ги сите безбожници, макар и да страдаш од болеста и да трпиш мноштво неволји, ќе се чувствуваш подобро од оној којшто е здрав, затоа што мислата ќе ти биде светла, а душата весела и радосна. Совеста ќе те фали, одобрува и ќе ти говори: „Одлично, одлично, пријателу мој, пријателу Христов, верен човеку, подвижнику на побожноста, кој си подготвен да умреш во маки попрво отколку да го изневериш довереното благочестие; во денот на Судот ќе бидеш со маченицте. Тие биле спремни да трпат бичување и маки за да добијат чест од Бога: и ти сега се реши да трпиш удари и маки од болестите и раните, само за да не се согласиш на безбожните баења и амајлии“; потхранет со оваа надеж, нема да ги чувствуваш силните болки.

Доколку не те однесе оваа болест, на крајот од краиштата ќе те однесе некоја друга: ако сега не умреме, ќе умреме подоцна. Трулежното тело го добивме не за да бидеме безбожни штом имаме болки во него, туку за преку болестите да се утврдиме во побожноста. Самата трулежност и смртност на телото ќе ни послужи, само ако бидеме благоразумни, како основа за слава и во денот на Судот ќе ни се даде голема смелост; и не само во тој ден, туку и во сегашниот живот. Оти, исфрлувајќи ги бајачите од својот дом, посрамувајќи ги, тогаш сите што ќе чујат за тоа ќе се восхитат и ќе си речат еден на друг: „Тој и тој, во болест и немоќ, иако од некои беше наговаран и убедуван да земе некакви си баени работи, не ги прими, туку рече дека подобро би му било да умре каков што е, отколку да си ја издаде верата“. Потоа ќе следат радосни извици од оние што тоа ќе го чујат и ќе Го слават Бога.


Свети Јован Златоуст

Колку почесно ќе биде тоа за тебе, од колку слики пославно, од која чест позначајно? Сите ќе те фалат, блажен ќе те наречат и со венец ќе те закитат; и самите ќе станат подобри, ќе ревнуваат повеќе и ќе почнат да ја подражаваат твојата храброст. Ако и другите го направат она што ти го направи, наградата (за тоа) ќе ја добиеш токму ти, зашто прв започна со ревнувањето.

Меѓутоа, последица на твоето добро нема да биде само пофалбата, туку и скорото оправување од болеста, затоа што самата јуначка одлучност ќе Го облаговоли Бога и сите Светии заедно ќе се радуваат на твојата усрдност, молејќи се за тебе од длабочината на срцето. Ако овде се такви наградите за оваа храброст, подразмисли колку венци ќе добиеш таму, кога Христос во присуство на сите архангели и ангели ќе дојде, и фаќајќи те за рака, ќе те изнесе на средината на тој призор, и ќе ти рече за сите да чујат: „Ова е човекот кого еднаш го мачеше болест, и кој, иако многумина го убедуваа да појде по бајачи за да се излечи од болеста, ги отфрли и презре заради Моето име и плашејќи се да не Ме навреди некако, одлучи дека е подобро да умре, отколку да ја издаде љубовта кон Мене.“

Всушност, доколку Христос ги прославува оние кои Го напоиле, облекле и нахраниле, уште повеќе ќе ги прослави оние кои исто така поради Него решиле да ги претрпат маките на болестите. Не е исто да се даде леб и облека, и да се претрпи долготрајна болест; не, ова последново е многу потешко од првото. А колку е потежок напорот, толку поблескав ќе биде и венецот. За тоа и самите ќе размислуваме, било здрави или болни; и, кога и да се најдеме во тешка болест, еве што ќе речеме: „А што би се случило доколку некој нè обвини, а потоа и нè изведе пред суд, и таму би нè фатиле и биеле; зарем не би мораle тогаш, неволно сè да трпиме, и тоа без никаква корист или награда?“ Така ќе расудуваме и сега; при тоа, ќе ја претпоставиме и наградата за трпењето, кој може да ја ободри душата која е падната во униние. И што ако болеста е тешка? Спореди ја со пеколниот оган, кој сигурно ќе го одбегнеш ако решиш стрпливо да ја поднесеш болеста. Сети се колку страдаа апостолите; сети се на праведниците кои секогаш биле во неволји. Сети се на блажениот Тимотеј - тој никогаш немал мир од болестите, туку секогаш живеел во немоќ.

Укажувајќи на тоа, Павле говорел: „Не пиј веќе само вода, но употребувај по малку и вино, поради стомакот и честите боледувања!“ (1Тим. 5, 23). Доколку таквиот праведник и светител кој мртви воскреснувал, демони изгонувал и другите ги лечел од безбројни болести, ако тој толку тешко страдал, тогаш какво извинување ќе имаш ти, кој за време на краткотрајните болести се смутуваш и ропташ?

Зарем ни си чул дека во Писмото се вели: „Оној кого Господ го љуби, него и го кара; и го бие синот што го прима?“ Колкумина од нив и колкупати сакале да добијат маченички венец? Еве, тоа е вистински маченички венец! Маченик не станува само оној кому (мачителот) му заповеда да принесе жртва на паганските богови, а тој решава дека му е подобро да умре, отколку да ја принесе жртвата: не, очигледно е дека мачеништво е и она кога човекот заради Христа се држи до тоа коешто може да му донесе смрт. Така и ти, ако се откажеш од магиите и баењата, и умреш од болеста, ќе бидеш совршен маченик затоа што, кога ти било ветено оздравување преку безбожништво, ти си решил дека е подобро да умреш во побожност.

Тоа им го велиме на оние кои се фалат и велат дека демоните исцелуваат. А, за да се увериш дека тоа е лага, слушни што вели Христос за ѓаволот: „Тој е човекоубиец од почетокот“ (Јн. 8, 44). Бог вели дека станува збор за човекоубиец, а ти иташ кон него како кон лекар? Кажи ми како ќе одговориш на обвинението дека на измамите на бајачите им веруваш повеќе отколку на зборовите Христови? Ако Бог вели дека ѓаволот е човекоубиец, а тие луѓе, наспроти Божјата одлука велат дека тој може да лечи болести - и ти ги примиш нивните бајачки лекови -, со таа постапка покажуваш дека ним им веруваш повеќе отколку на Христа, иако тоа отворено не го кажуваш. А доколку ѓаволот е човекоубиец, очигледно дека и неговите слуги, демоните, се такви. Тоа Христос ти го покажа со дело: кога Тој им дозволи да влезат

во стадото свињи, тие целото стадо го удавија во езерото (Лк. 8, 33), за да знаеш дека тие истото би го сториле и со луѓето, и дека веднаш би ги погубиле, доколку Бог им го допушти тоа. Но, Тој ги задржал и ги совладал, и не им дозволил да прават нешто такво. Оти, ако не ги поштеделе свињите, уште помалку би нѐ поштеделе нас. Затоа, возљубени, не лажете се со нивните измами, туку стојте цврсто во стравот Божји.

...Всушност, каква е корисTа од тоа на земјата да се добие некакво исцеление, а да се биде испратен таму во огнот вечен? А за да не се фалат бајачите укажувајќи на своите исцеленија, слушни што вели Бог: „Ако излезе пред тебе некој пророк, или толкувач на соништа, и ти покаже знак или чудо, и ако се оствари тој знак или чудо, за кое тој ти говорел, па потоа ти рече: ‘да одиме да служиме на други богови, кои ти не ги познаваш,’ ти не го слушај гласот на таков пророк, или на таков толкувач на соништа; бидејќи преку тоа Господ, вашиот Бог, ве искушува, за да дознае, дали Го сакате Господа, вашиот Бог, со сето свое срце и со сета своја душа“ (5Мојс. 13, 1-3).

Тоа значи: ако некој пророк рече „можам да го воскреснам мртвиот“ или „да го исцелам слепиот, само послушајте ме, и да им се поклониме на демоните, или да им послужиме на идолите“; и потоа, доколку тој што говори дури и да го исцели слепиот, или да го воскресне мртвиот, не слушајте го дури ни тогаш. Зошто? Затоа што Бог, искушувајќи те, му допушта на овој да го стори тоа, не затоа што Тој самиот не го знае расположението на твојата душа, туку за да ти даде можност да докажеш дали Го љубиш Бога.

Ако Бог така им говорел на Евреите, тоа уште повеќе важи за нас, за кои и ги отвори дверите на воскресението, на кои и ни заповеда да не се врзуваме за сегашното, туку сета своја надеж да ја насочиме кон идниот живот. ▪



# „Исцеленија“

Епископ Александар Милеант

*Мнозина ќе ми речат во оној ден: »Господи, Господи, не во Твое ли име пророкувавме? И зар во Твое име бесови не изгонувавме? И не во Твое ли име многу чуда правевме? И тогаш Јас ќе им кажам: »Никогаш не сум ве познавал; бегајте од Мене вие што правите беззаконија!«*
Матеј 7, 22-23

Христос дојде за да нè спаси од власта на ѓаволот и ропството на гревот. *„Вистина, вистина ви велам: секој што прави грев, роб му е на гревот. А робот не останува вечно дома; Синот останува вечно. И ако Синот ве ослободи, навистина ќе бидете избавени.*“ (Јован 8, 34-36)

Во Тајната на Крштението човекот ги раскинува синџирите на порокот и добива сила од Христа, да започне војна против своите зли склоности. Не постои страст, ниту порок, кој не може да биде победен со Божја помош.

Единствено е неопходно одлучно да се влезе во борба против гревот, и да се започне со водење на духовен живот, да се моли, да се кае, да се причестува и Бога да се моли за помош. Запомнете дека во текот на надминувањето на своите слабости, човекот расте и станува посилен. Овој тек на внатрешниот раст ја содржи целта на нашиот овоземен живот.

Наместо христијанско исцеление на душата со помош на благодатта, бројни современи источни култови (Кришнаити и др.), заедно со многубројните, независни окултни „исцелители“ и гатачи, ги нудат своите услуги на „лечење“. Ветуваат потполна терапија за мошне сериозни болести како алкохолизмот, пушењето, наркоманијата, дебелината, изразениот сексуален нагон итн.

Иако постојат некакви разлики во нивните методи, овие исцелители користат психичко „програмирање“ во кое концентрираната енергија на исцелителот има окултен ефект на умот на пациентот. Ова програмирање, слично на другите окултни експерименти, побарува целосна отвореност, пасивно внимание и безусловна доверба во „исцелителите“.

Како единствена заштита од овие духови и сите видови на „магии“ и „уроци“, се јавува Благодатта на Светиот Дух, која верниот христијанин бесплатно ја добива во Црква.

Постојат случаи кога оние кои се приклучиле на некој источен култ и ги извршуваат своите окултни дејанија, или пак оние кои се обраќаат за помош на некој гатач, добиваат потполно олеснување на своите страданија.

Она што мора да се разбере е дека таквото „исцеление“ **може да биде многу полошо од болеста за чијшто лек се трагало**. Со своите окултни методи, гатачите и хипнотизерите ја тргаат одбраната на човечката душа која ја штити душата од мрачниот свет на демоните. Ова се случува преку сконцентрираното внимание на пациентот на личноста на „исцелителот“ кој, слично на медиумот, станува проводник на демонското дејство. Со своите ефекти овој вид на „исцелување“, или гатачко лечење е слично на хируршка лоботомија при која се отстранува фронталниот дел на мозочната обвивка.

И, додека овој хируршки зафат го отстранува делот од мозокот кој го контролира насилното однесување на психијатриските пациенти, таа исто така, неповратно ги отстранува и повисоките функции, како острината на умот, чувствата, способноста за создавање и особено способноста да се верува во Бога, да се моли, да се води христијански живот (иако, во случај пациентот да не водел духовен живот пред операцијата, нема да ја забележи загубата на некои од своите духовни способности).

На еден или на друг начин, личноста плаќа за своето окултно „лечење“ со своето духовно здравје, зашто некои видови од духовната природа стануваат засекогаш атрофирани.

Особено штетни се сеансите на „програмирање“ на Јуриј Кривогонов, кој го измислил методот на „психотропна“ хипноза, преку која над стотици членови на своето „Бело Братство“ ги претвори во вистински зомбија.

Психичките оштетувања предизвикани со неговите методи биле до толку длабоки, што голем број на лекари и хипнотизери од поранешниот СССР не можеле да ги „репрограмираат“ несреќните жртви на Кривогонов, колку и да се труделе. Оваа несреќна епизода беше објавувана во рускиот и украински печат во периодот од 1993-та до 1995-та година.

## Забелешка

Многу од нашите современици се загрижени од проблемите на „магии“ и „уроци“. Токму оваа нивна загриженост станува извор на заработка за професионалните гатачи и бајачи, затоа што едниот од нив ќе „фрли клетва“, а другиот ќе „ја отстрани“, па на тој начин си помагаат еден на друг во бизнисот. Иако сигурно постојат шансите за измама во ова поле, секогаш постои и опасноста за вмешување и на невидливите духови.

Како единствена заштита од овие духови и сите видови на „магии“ и „уроци“, се јавува Благодатта на Светиот Дух, која верниот христијанин бесплатно ја добива во Црква.

Верниот христијанин треба да престане да се плаши од овие „магии“ и „уроци“, и со сето срце да се обрати кон Бога, просејќи помош и заштита, молејќи се, внимателно читајќи го Светото Писмо, каејќи се, причестувајќи се со Светите Тајни (барем еднаш месечно!), чинејќи добри дела за луѓето. Ако го прави сето ова, тогаш никаков напад од злите духови нема да има ни најмало влијание врз него. ▪



# Астрологијата е астролатрија*

Протопрезвитер Александар Карлуцос

*Кога нашата душа ќе го напушти овој живот, нема да одговараме за тоа што не сме правеле чуда, ни за тоа што не сме богословеле, ниту за тоа што сме немале виденија, туку, сосем сигурно, на Бога ќе мора да Му одговориме, за тоа што постојано не сме ги оплакувале своите гревови.*
Св. Јован Лествичник

Христијанинот не мора да биде чудотворец, ни блескав богослов, ниту пророк или созерцател на небесни виденија, туку мора да се кае поради своите гревови. Православната Црква гревот го разбира во духот на грчкиот збор „*амартиа*". Во Античка Грција со *амартиа* ја означувале ситуацијата во која човекот цели во метата и ја промашува. Во тој смисол, грев значи промашување на својата мета, непостигнување на целта, неостварување на своето назначение.

Кога христијанинот прави нешто што го разделува од Христа, тој прави грев, затоа што не живее во согласност со своето назначение, односно затоа што не живее во Христа. Кога не живееме во согласност со својата цел, а тоа е - да бивствуваме по образот и подобието Божјо, ние тогаш правиме грев. Кога допуштаме небесните ѕвезди - а не Бог, Кој ги создал ѕвездите - да управуваат со нашите постапки, тогаш правиме грев. Кога брзаме за во весниците да го прочитаме „нашиот хороскоп" и од него да ја „дознаеме" нашата иднина, наместо да трагаме по мудрост и да се учиме на неа од Библијата, ние тогаш правиме грев. Кога го правиме ова, или не го правиме она, затоа што астролозите ни кажале да правиме така, и притоа ги затвораме нашите уши за Божјите заповеди, ние тогаш правиме грев. Правиме грев и кога се молиме на нашиот христијански Бог и, истовремено, веруваме во хороскопските знаци. Ние не сме водолии, риби или ваги, синови и ќерки на ѕвездите; ние сме боголики личности, синови и ќерки Божји.

* Астролатрија (грч.) ѕвездопоклонство, идолско клањање на ѕвездите

Луѓето денес се запознаваат меѓусебно како „овни“ и „лавови“, а не како христијани. Зар не е чу-дно тоа што луѓето се обраќаат едни на други според ѕвездите и нивниот распоред, а не по Бога, Творецот и Изворот на Животот? Реткост е да се чуе денес некој да каже: не, јас не сум роден во ниту еден зодијачки знак, туку сум - од Бога, јас сум христијанин, „мал Христос“.

Црквата отсекогаш проповедала против астрологијата. Уште пророкот Јеремија (10, 2) пишал: „Вака вели Господ – не одете по патот на незнабошците и не плашете се од небесните знаци, од кои се бојат незнабошците.“ Спротивставувајќи им се на асирските, односно на вавилонските астролози, од кои потекнува и денешната астрологија, пророк Даниил вели: „Ниту еден мудрец, ни маг, ниту астролог не може да му ја открие на царот Навукодоносор тајната што ја бара, туку единствено Бог Кој е на небесата, Кој ги открива сите тајни...“.

Црковното канонско право им забранува на христијаните да веруваат во астрологија. Поточно, 36-тиот канон на Лаодикискиот собор (од 369 год.) ги исклучува од Црквата сите оние коишто прават, продаваат, купуваат или носат зодијачки знаци.

Отците на Црквата чувствувале дека има „многу чуда во вселената, но дека ниту едно чудо не е попрекрасно од човекот“. Човекот е личност според ликот Божји: во осмиот псалм гледаме дека човекот е створен „малку помал од ангелите, но со слава и чест овенчан“, за потполно да владее со целиот свет, вклучувајќи ги тука и ѕвездите. Св. Григориј Велики пишува: „Не е човекот создаден за ѕвездите, туку ѕвездите за човекот. И, доколку ѕвездите ги наречеме владетели на човекот, тогаш човекот би требало да биде сметан за слуга на своите слуги“. Значи, Бог не ги создал планетите и ѕвездите за тие да владеат со човекот, туку за да му бидат послушни на човекот и да му служат, како и сите останати созданија.



Блажен Августин ја смета астрологијата за „религија на судбината“ која Црквата силно ја осудува. Тој тврди дека секој кој верува дека нашиот Бог - Љубов би им дал власт на ѕвездите тие да го одредуваат нашиот живот и да управуваат со него, со тоа ја навредува праведноста и љубовта Божја. Св. Јован Златоуст верувањето во ѕвездите го смета за безумно неверие насочено против Божјата семоќ и создателство, оти ваквата лажна вера Го „потчинува“, на крајот на краиштата, и Самиот Бог „под власта на ѕвездите“. Кога ѕвездите би владееле со луѓето, вели св. Јован Златоуст, тогаш не би постоело ни добро ни зло, зашто во тој случај сè што луѓето би правеле, всушност, би го правеле „под власта на ѕвездите“. „Тогаш, тоа значи - заклучува св. Јован Златоуст - дека Божјата заповед човекот да прави добро и да не греши не само што е ништовна, туку е и потполно бесмислена“.

Црковните Отци го наведуваат и примерот со близнаците, особено со Јаков и Исав. Отците се прашуваат: „Тогаш, зошто постои таква различност во животот на овие близнаци, во нивните постапки, дела, повик, чест и сè она што се однесува на човечкиот живот? Дали може тоа да биде ефект на краткотрајната разлика во времето на раѓање, доколку тие биле дури и зачнати истовремено?“

Св. Григориј Велики астрологијата ја смета за празноверие и безумие: имено, од некој астролог во една прилика слушнал дека секој кој се раѓа во „знакот на водолија“ е предодреден да биде рибар, а самиот светител во пустината сретнал многумина родени во „знакот на водолија“ и ниту еден од нив не бил




рибар. Во Перија, каде се родило едно дете - идниот принц, односно крал, астролозите тврделе дека таква била судбината, како резултат на ѕвездите во знакот во којшто било родено детето. Меѓутоа, св. Григориј Велики истите тие астролози ги запрашал дали можат да му одговорат колку идни робови се родиле на светот во истиот момент кога се родил тој иден крал, заклучувајќи на крај: „Кралските синови, кои се родиле во истиот момент со робовските синови, ќе го наследат кралството, додека робовските синови кои се родиле истовремено со кралските, сепак, ќе умрат како робови“.

Астрологијата настанала во Вавилон пред околу четири илјади години. Таа била заснована на тогашното астрономско знаење - дека Сонцето се движи околу Земјата, а не Земјата околу Сонцето. Годината била поделена на дванаесет месеци, од кои шест имале по триесет дена, а шест дваесет и девет дена, што чинело вкупно 354 дена годишно, така што одвреме-навреме, морале да додаваат (за да надокнадат), и тринаесетти месец. Еве кон што целам: човекот кој би се родил во април како „овен“ по денешниот календар, по вавилонскиот календар би се родил како „риба“, а хороскопот за „водолија“ што го читате денес, е всушност хороскоп од пред еден месец. Според ова, сè што сте прочитале за себе - е погрешно, зашто секогаш сте во „погрешен“ месец, оти вавилонскиот астролошки календар доцни еден месец по нашиот календар.

Вил Дурант, во неговата Историја на цивилизациите, астрологијата ја вбројува како една од оние многубројни празноверија од древните времиња кои цветаат и во нашето време. Но, сета глупост на астрологијата најдобро и најпрецизно ја изразува бесмртниот Вилијам Шекспир со зборовите: „... Кога немаме среќа, за својата пропаст ги обвинуваме сонцето, месечината и ѕвездите. Изгледа како да сме зли поради нужност; будали по небесна принуда; никаквеци, крадци или учители по владеењето на сферите; пијаници, лажговци или прељубници, принудени на тоа од планетите...“

Св. Григориј Нисиски, искажувајќи го накратко црковното сфаќање за човековото суштинско достоинство, со право вели: ако сме само орудија во рацете на ѕвездите што кружат, тогаш ние воопшто и немаме слободна волја. „А, кога човекот - вели св. Григориј Нисиски - ќе ја изгуби слободата, тогаш тој губи сè“. Ако човекот не е слободен, тој тогаш веќе не е човек. ▪

# Додека има време

Презвитер Димитриј Шишкин

Човекот кружи во вртлог кој го изигрува, кој го мами, кој го заплеткува така што покрај тоа кружење тој ништо друго не е способен да осознае. Човекот станува роб на тој виор, и не разбира дека виорот има своја, за човекот неразбирлива, цел. А таа цел е да го доведе човекот во состојба во која тој престанува да разбира кој е и зошто постои.

Виорот се нарекува „трчаница". Како преку инка, виорот го голта времето кое ни е дадено за здобивање на вечноста. Ниту некакви убедувања, ниту совети, ниту молби не можат да го извлечат човекот од овој бесен вртлог. Сето тоа едноставно не успева, затоа што инката кога еднаш ќе почне да нѐ проголтува, влече сѐ подлабоко и подлабоко во пустота, во бездна, која во моментот е незабележлива. Кога бездната ќе ни ја открие сета своја празнотија и безнадежност, тогаш е веќе доцна.

Но милостивиот Господ нема да дозволи вртлогот да нѐ измами до крај. Он уште на земјата ни дава можност да ги вкусиме болните плодови на суетата и прекумерните грижи. Тогаш врз човековата глава почнуваат, како од пандорина кутија, да се истураат проблеми, незадоволства и несреќи. Сѐ се тоа остатоци, отпадоци и урнатини од добрата на тој живот, што ние самите сме дозволиле бесниот виор да ги растера. А тоа е знак дека живееме неправилно, не онака како што треба. Живееме лошо бидејќи го испуштаме од вид она што е главно, она без кое нашиот живот не може да биде добар.

Кога неочекувано и без видливи причини врз човекот почнуваат да се истураат несреќи и неуспеси од сите страни, тогаш тој – *сакал или не сакал* – си спомнува за Бога и оди во црква. Таму се среќава со свештеникот кој, според својата должност, се труди да разбере дали човекот живее во согласност со законот Божји, дали се труди да ги исполни основните правила на здрав – или ако зборуваме со јазикот на Црквата – целомудрен живот. И на вaквите и слични прашања, како на пример од кога не се исповедал, кога последен пат се причестил, чита ли Евангелие, во најголем број од случаите добива одговор кој застрашува со својата бесмисленост:

– *Немам време!*

Значи, што е времето од аспект на верата и зошто ни е нам дадено?

Од самото зачнување секој еден од нас веќе го живее вечниот живот. И ниту еден од нас нема право да се откаже од тој живот, или да го прекине. Но во тој човечки живот постои еден малечок интервал, речиси точка на самиот почеток, кратка „писта за полетување", залет по кој се определува каква ќе биде нашата вечност. Овој краток исечок се нарекува земен живот. Негова најважна карактеристика е *времето*.

Пистата за полетување е кратка. Но сепак, многу што зависи од тоа каква насока и брзина ќе избере пилотот, од ветрот и од другите услови. Со неколку збора, полетувањето е време на крајна концентрација на вниманието, кратко време од кое зависи што нѐ чека – достигнување на висока цел или страшна катастрофа.

Луѓето велат: „*Кратко, ама слатко*“. Кратко е времето на човековиот живот, но тоа време ни е дадено за да направиме свесен избор за вечноста. Самите си ја избираме иднината. Разликата од земниот залет е само во тоа што „во воздухот“ ќе биде веќе доцна што било да менуваме. Така што, ако „параметрите“ на полетувањето зададени на земјата се покажат грешни, тогаш неизбежно нè очекува катастрофа. Ете, таква одговорност лежи врз нас во тоа време на „подготовка за полетување“.

Важно е и тоа, дека човекот не може да си замислува за себеси некаква „посебна“ вечност, туку само да избере од она што реалноста му го нуди. Изборот навистина е неограничен: од крајни висини до зачудувачки бездни. Единствена ѕвезда водилка, единствен светилник во тој океан на вечноста е Бог, Неговата вистина, Неговиот закон, Неговата љубов. Таа апсолутна и совршена Добрина. Што повеќе човек се стреми кон Господа, што повеќе се труди да ја познае вистината и да живи во согласност со неа, толку повеќе неговата душа се преобразува, се осветува, се уподобува на нејзиниот Творец. Тоа не се случува веднаш, туку во текот на целиот земен живот. По упокојувањето се случува само развој во правецот што човекот го избрал – тогаш во вечноста се открива она кон кое човекот се стремел, она кое го барал, за кое дишел и живеел во времето. Со други зборови, времето нам ни е дадено за осветување, за соединување со Бога, и ништо не е поважно од тоа.

Вака човек му одговара на Бога: „*Немам време за Тебе!*“

Ова се страшни зборови, без оглед дали човекот ги разбира или не. Тие имаат страшни, трагични последици за самиот човек, кој се разбира не сака никакви катастрофи, но кој пак, својата претстава за среќата не ја гради врз основите на реалноста, туку врз основите на сопствените заблуди. Целосната потопеност во животните грижи во душата создава неправилна, занесна претстава за среќата, претстава осудена на пропаст, токму затоа што таа не сообразува со реалноста.

Дури и се жалат понекогаш: „*Се сеќавам на Бога, верувам во Него, само што немам време за сите тие ритуали... одење во црква, молитви, поклони, пости... И без тоа се може. Бога го имам во душата и тоа е доволно!*“

**Не, не е доволно.**

Добро е и правилно да се верува во Бога, но тоа не е доволно. Еве што вели апостол Јаков: „*Верата без дела е мртва*“ (Јак. 2,26), а на друго место зборува уште посилно: „*И бесовите веруваат и треперат*“ (Јак. 2,19). И бесовите на тоа остануваат. Преку верата во Бога нам ни е потребен живот во согласност со Неговиот пример за христијански живот, кој како мозаик од малечки парчиња, се составува од едноставни, но важни работи: изучување на основите на православната вера, читање на Новиот Завет, исполнување на заповедите, молитвата дома и во црква, постот... Сето ова му помага на човекот да го устрои својот живот така што би можел да ја храни и умножува благодатта, растежот во верата, во смирението, во трпението и љубовта.

Понекогаш на човека му се чини дека воопшто земено, тој е добар, и дека тоа е сосема доволно. Но проблемот лежи во тоа што човек не се споредува со тоа како тој треба да изгледа во Божјите очи, не се споредува со тоа кон што е призван, туку се споредува со крајната пројава на гревот, според која тој се чини е сосема „нормален“ и „правилен“. Тука е важно да се каже за доброто во неговото обично разбирање за животот и за тоа добро кое служи за изразување на вистинската вера.

Господ на едно место во Евангелието им говори на учениците: „*ако вашата праведност не ја надмине праведноста на книжниците и фарисеите, нема да влезете во Царството Небесно*“ (Мт. 5,20). А фарисеите биле многу педантни во извршување не само на надворешните, туку и на општоприфатените морални норми. Токму во тоа е и проблемот, што таа „човечка“ праведност за пример кој е туѓ, дозволила фарисеите да го распнат Христос. Ако некој тврди дека верува во Бога и дека Бог „му е во душата“, тогаш, се разбира, тој човек треба со сите напори да се стреми да ја узнае волјата Божја и да се погрижи таа волја да ја исполни, колку и да е тоа неудобно, тешко или незгодно.

Ете во што е делото на верата – да се живее во согласност со Бога.

Да се восприеми во сета можна полнота духовниот, морален лик Христов – или според точната определба на Црквата - да се облечеме во Него. Апостол Павле говорел за тоа вака: „*Ако некој Го нема Христовиот Дух, не е Негов*“ (Рим. 8,9). Но за да се облечеме во Христа, за да живееме и постапуваме во подлабока смисла христијански, потребно е кон тоа свесно и настојчиво да се стремиме: да дознаваме повеќе за Христос, за Неговото учење испишано во Евангелието и остварено во Црквата. Црквата е Тело Христово, „*столб и тврдина на вистината*“. Ако човек ги пренебрегнува опитот и правилата на црковниот живот, не се труди да биде свесен дел на Телото Христово, тогаш тој во никој случај **не** е христијанин, без оглед на тоа како тој себеси се нарекува.

Главен тренд на нашево време е живеење во своето задоволство, насладување со гревовен живот, стремеж да се избегнат патиштата на маките и тешкотиите. Црквата ни нуди инакво размислување: да не бегаме од маките, посебно од оние сврзани за праведниот живот во светот на беззаконијата, и храбро да ги претрпиме „*зашто кој пострадал во телото прекинал во гревот, та останатото време на животот во телото, да не го помине според човечките страсти, туку според Божјата волја*“ (1 Пет 4, 1-2).

И повторно сѐ се сведува на тоа дека треба да најдеме време за да дознаеме, да читаме, да размислуваме, да прашуваме за таквиот живот и спасителната вера, на која нѐ научил Христос; не само да веруваме, туку во вистинската смисла на тие зборови да живееме христијански, да живееме по заповедите Христови.

Со што да го споредиме духовниот живот? Она што е исклучително важно, е она за кое ние знаеме, она што сакаме да го поседуваме, но кое самото по себе не ни се дава. Можеби можеме тоа да го споредиме со богатство, но не потполно, затоа што богатството во повеќе случаи се здобива по неправеден пат – во однос на благодатта, тоа е незамисливо.





Можеби може духовниот живот да го споредиме со исклучителна умешност во одредена област. Тоа е она што со пари не може да се купи и чие отсуство не може долго да се прикрива. Секоја умешност – во сликање, во музика, во наука и техника – се здобива со љубов кон своето дело и упорен труд, трпеливо стекнување на навики и умножување на искуството.

Она што е особено важно да се разбере е дека достигнувањето на некоја умешност во науката или уметноста е лично дело и никако не влијае на духовниот, вечниот живот на човекот. Човек може да биде и талентиран и усрдно да го развива својот дар, достигнувајќи го врвот. Но може да го занемари тоа и едноставно да појде да работи на градилиште, за да го прехрани своето семејство. Од духовна гледна точка ваквото „закопување на талантот“ тешко дека може да се нарече грев. Токму спротивното, човек ги жртвувал своите интереси, својата земна приврзаност поради семејството, поради ближните.

Но во духовниот живот сѐ е поинаку. Сите ние без исклучок сме повикани да живееме духовен живот и сите сме должни да се потрудиме да го достигнеме Царството Божјо, да ја достигнеме благодатта. Тоа е прашање на живот и смрт, и тоа за животот и смртта во нивната вечна димензија. Никој не може да го отфрли ова прашање, да го пренебрегне овој повик без да претрпи трагични последици. Токму тоа е важно да се има на ум. Залогот на благодатта, која ни е дадена при крштението, која сме должни да ја усвојуваме и умножуваме преку целиот наш добар живот е токму тој талант, чиешто „закопување“ носи со себе најтажни последици за човекот.

Видете, од нас не се бара некаква особена, екстремна жртва. Едноставно треба само да најдеме малку време за да се грижиме за нашата душа, за живиот однос со Бога. Тоа е најскапоцено време, време за здобивање на вечноста! Тоа време мудро искористено, не тоне, не поминува напразно, туку задолжително носи свет и радосен плод.

Во секојдневниот тек на животните дела човек може и треба да диши во вечноста, да живее во сознание за присуството Божјо, постојано да ги проверува своите постапки, зборови и помисли според Божјата вистина. Да се стремиме со сето срце и сета душа кон Бога. Да направиме свесен избор во полза на евангелската вистина.

Никогаш да не велиме дека немаме време за духовен живот! Додека живееме на земјата, имаме време! Прашање е што ни е поважно, на што сме подготвени ова време да го трошиме. Да помниме дека времето ни е дадено за покајание, за промена на животот, да се трудиме таа радосна можност да ја искористиме. ***Додека има време!*** ▪

## Светена вода и наука:

# Чуму ни се експерименти со Светињата?

Владимир Гурболиков

Уредникот на рускиот магазин „ТОМА: Православен магазин за оние кои се сомневаат“ нуди православен поглед на научните „докази“ за религијата и духовноста кои ги преплавија печатените и интернет медиуми во текот на изминатата деценија.

Не многу одамна се вклучив во една дискусија околу светената вода. Сè започна од една статија објавена на една православна интернет страница околу истражувањата за физичките и хемиските својства на светената вода. Публикацијата не помина незабележано меѓу светските научни кругови, кои го исмеаја она што според нив беше „спремност на Црквата да прифати лажни научни докази што сведочат во прилог на Православието“.

Долго бев заинтересиран за темата на лажна наука, и не можев а да не искоментирам на страницата. Ваквите истражувања не само што се екстремно сомнителни од гледна точна на науката, туку и ние, Христијаните, би требало да сме уште позагрижени околу мотивите на ваквите истражувања. Зошто луѓето прават вакви експерименти? И зошто вакви нешта се објавуваат на православните форуми?

Уредникот на страницата ми одговори велејќи дека иако фактите опишани во наведените статии можеби се лажни, на ваквите експерименти се гледа благонаклоно од страна на добро образовани членови од високиот клир (спомна две такви имиња). Ваквите истражувања, продолжи, „може да бидат едно ново сведоштво за вистината на Евангелието и Православието во ова наше време на сомнеж и безверие“.

Тука јас, лаик кој требаше да премолчи, му одговорив со нов коментар, и дали поради ова, или поради некоја друга околност, статијата беше отстранета од страницата истиот ден. Не би сакал да го посочам сајтот, зашто не би сакал да компромитирам еден така добар православен ресурс, но проблемот ми изгледа доволно важен за да се поведе една дискусија за него.

Значи прашањето е: дали е прифатливо да се истражуваат, преку средствата на традиционалната наука, нештата што се свети за христијаните? Може ли светената вода да биде предмет на физички и хемиски експерименти со цел да се открие нејзината разлика од обичната вода? Доколку ова може да се прави со водата, тогаш зошто луѓето да не експериментираат и со мирото кое се точи од чудотворните икони, или со нераспадливите мошти од светителите? И конечно, со Светата Причест?

Според моето мислење, ваквите експерименти претставуваат или свесно хулење, длабоко маскирано безверие, или многу почесто, едно сериозно неразбирање на самите основи на нашата вера.

Црквата има Свети Тајни и обреди. Преку нив, Го молиме Бога да ни ја испрати благодатта, и оваа благодат на таинствен начин влијае врз човекот преку физичките материи врз кои овие Свети Тајни биле извршени. Дали ова значи дека благословената материја мора да има различни хемиски и физички својства? Кога говориме за физичките и хемиските својства на оваа или онаа супстанца или предмет, предвид ги имаме оние својства кои можат директно или индиректно да бидат студирани преку научни методи. Својствата треба да може да бидат репродуцирани и не смеат да бидат зависни од личноста на истражувачот, или од нечија волја. Со други зборови, својствата се објективни.

Но, кога зборуваме за Божјата благодат, тука нема место за објективност. Ние веруваме дека благодатта, односно, Божјата Енергија, постои во благословената материја. Но, ние не можеме да одлучиме наместо Бога, на каков начин ќе се пројави, доколку воопшто се пројави, оваа благодат. Тука не постои нужност, туку само Божја слобода. Тој може да го исцели оној што со вера и молитва пие од осветената вода, може да испрати мир на неговиот ум и душа. Или, Тој може да избере да се пројави на било кој начин надворешно затоа што, зависно од околностите, ова може да не е добро за самата личност.

Доколку пак, мислиме дека благословот ги менува својствата на водата и овој благослов незапирливо, како машина, ќе го предизвика посакуваниот ефект, тогаш ние сме пагани. Ова е разликата меѓу магијата и христијанската свест: магијата не остава простор за слобода. Таа произлегува од претпоставката дека може да се манипулира со материјата и духот со цел да се постигне посакуваниот ефект. Притисни на едно копче - и светлото ќе се вклучи. Заврти го левиот вентил, тече ладна вода; заврти го десниот вентил, и ете ти топла вода. Или, опционално, протриј ја ламбата и еден послушен дух ќе ти изгради палата.

Христијанството е целосно различно. Божјата благодат не е електрична струја. Никој никогаш не може да биде сигурен дека Бог ќе го стори ова или она. Може да се надева на тоа, и да се моли за нештото, но Бог е слободен. И оваа слобода се пројавува во сите Негови дела.

Да се вратиме на прашањето: дали својствата на водата се менуваат по нејзиното благословување? Или, од претходно изложеното за слободата треба да заклучиме дека од гледна точка на природните науки осветената вода не се разликува од онаа, обичната? Дека нејзината оптичка густина е секогаш иста, дека секогаш замрзнува на иста температура, дека времето за кое таа останува свежа е секогаш исто како и за обичната вода?



„Секогаш“ е клучниот збор тука; доколку го отстраниме, тогаш имаме место за слобода. Иако не знаеме како дејствува Божјата благодат во осветената вода, имаме право да претпоставиме дека во некои случај благодатта може да се манифестира како промени во физичките и хемиските својства, но да предвидиме кога и за кого - е тоа не можеме да го знаеме.

Така, кога еден научник зема епрувета со осветена вода и ја анализира во својата лабораторија, што ќе покаже овој експеримент? Дали ќе открие некакви вонредни својства? Одговорот е очигледен: да, ќе биде така, доколку Бог го дозволи тоа. Можеби научникот има потреба за мало поткрепување кон верата, а ние не го знаеме тоа, па Бог ќе увиди дека една разлика во оптичната густина може целосно да ја измени неговата душа. Но, доколку ова се случи, ќе биде само една епизода под тие единствени околности. Никако не можеме да зборуваме за овој настан како за настан што може да се репродуцира, што пак е критериум за научна валидност. Бог не е обврзан да ја смени оптичката густина во секој посебен сад со осветена вода.

Ваквите истражувања се богословски неоправдани, и оние коишто експериментираат со светињата промовираат еден магиски, пагански светоглед, без оглед дали е тоа намерно или ненамерно.

Од каде доаѓа мислењето дека ваквите експерименти „може да бидат едно ново сведоштво за вистината на Евангелието и Православието во ова наше време на сомнеж и безверие?“ Ќе ризикувам да одговорам - од материјализмот и обоготворувањето на науката, кои се длабоко посеани во нашите души. Ова е резултат на децении на културна стагнација, на едно верување дека доколку науката потврди нешто, ова „нешто“ е добро и вистинито. Во умовите на многумина, научното одобрение сè уште автоматски би го кренало статусот на религијата, и токму поради тоа и најмалата потврда за најмалото нешто се прифаќа од верниците. Луѓето честопати сакаат да се потпрат на науката, и за некои Христијани воопшто не е важно дали науката е вистинита или лажна, објективна или евтина, сè додека некого приведува кон верата.

Ова е мошне тажно и наивно затоа што, како прво, на Христијанството не му е потребна никаква научна, уметничка или политичка поткрепа. Црквата не ги негира овие елементи, но лесно може да живее и без нив. Како второ, вистината на верата не може да се сведочи со помош на лага, или како и да ги наречеме овие псевдонаучни експерименти со псевдонаучни толкувања. Вистинското сведоштво на верата лежи во вистинскиот христијански живот на луѓето. И конечно, нашата ера одамна престана да биде ера на безбожност и неверие. Нашата ера стана ера на псевдорелигии и ненаситна спиритуалност.▪



Како пустиножител и во тело ангел, и чудотворец ни се јави
богоносен оче наш Јоакиме. Со пост, бденија и молитви
небесните дарови ги прими, исцелувајќи ги од болести
оние кои со вера притекнуваат кон тебе.
Слава на Оној Кој ти даде крепост,
Слава на Оној Кој те прослави,
и Кој преку тебе на сите ни дарува исцеление.

∴

*тропар на Преподобен Јоаким Осоговски*

www.koe.mk